Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 199/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски за порталот Nezavisen.mk ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов: „Битолски Монмартр“ ги злоупотребил децата за политички цели, тврди „Меѓаши“, објавен на интернет порталот „Независен.мк“, на 20.07.2023 година не отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 20 јули 2023 година од Славчо Неделковски пристигна жалба за текстот „Битолски Монмартр“ ги злоупотребил децата за политички цели, тврди „Мeѓаши“, објавен на интернет порталот „Независен.мк“, на 20.07.2023 година.

Неделковски вели дека станува збор за неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација, мешање факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Па прашува: „Дали ова е повторно порачан текст? Втор по серијата кој не носи никакви заклучоци и во кој ние не сме застапени како организација ами се цитираат изјави од претходниот кој веќе е пријавен при Совет за етика во медиумите во Македонија“. Неделковски додава : „Убаво би било \"новинарката\" да е информирана дека сите активности кои ги прикажува како \"декор за нечиј [ политички ] маркетинг\" исто така се дело за кое имаме право да се сомневаме дека е намерен атак но и за тоа има правни механизми.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Nezavisen.mk да се изјаснат по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од „Независен.мк“ велат:„Одговорот е во една реченица – жалбата не само што е неоснована, конфузна, без аргументи, туку е испратена и на погрешна адреса. Таа не се занимава со содржината на текстот на нашата дописничка Анета Блажевска, туку во неа Славчо Неделковски се занимава со односите на Детското ликовно студио со Првата детска амбасада „Меѓаши“. Уште во првата реченица од жалбата тој всушност ја открива својата намера да ги дискредитира па и клевети нашиот медиум и Првата детската амбасада во светот „Меѓаши“ прашувајќи : „Дали ова е повторно порачан текст? Втор во серијата кој не носи никакви заклучоци и во кој ние не сме застапени како организација, ами се цитираат изјави од претходниот кој веќе е пријавен при Совет за етика во медиумите во Македонија“. Се друго натаму е прикажување на односите на Детското ликовно студио со „Меѓаши“, со Народниот правобранител и преписката меѓу нив од 2022 година во која, според Неделковски „децата кои кај нас творат се под притисок на политиката и партиите“. Па дури се споменува и средба со министерот за внатрешни работи затоа што „лични дисквалификации и измислена јавност се фокус, а не реалните активности и успеси на студиото“. Каква врска има ова со текстот за реакцијата на „Меѓаши“ од 20 јули 2023 по патувањето на децата од Битола во Софија на почетокот на јули 2023? Никаква. Апсолутно никаква. Текстот на „Независен“ е речиси целосно посветен на реакцијата на „Меѓаши“, во која Првата детска амбасада тврди дека „Битолски Монмартр“ ги злоупотребил“.

**МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ**

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата не е основана и ја отфрли.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ја утврдуваат вистинитоста на фактите наведени во неа, а кои се во надлежност на обвинителствата, МВР и судовите или други институции. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата за жалби констатираа дека пред нив има втор текст од низата посветена на политизацијата на малолетниците. Комисијата за жалби беше согласна дека станува збор за тема од јавен интерес. Во расправата беше констатирано дека во овој текст главен соговорник или извор на ставови е Првата детска амбасада „Меѓаши“. Односно одговорот на Амбасадата на прашањата од новинарот. Што се однесува до констатацијата на жалителот дека во текстот нема втора страна, мнозинството во Комисијата сметаа дека тоа не е потребно, бидејќи претходниот текст на истата тема беше целосно посветен на ставовите на жалителот. И според некои членови на Комисијата медиумот требал да го праша Неделковски за да одговори на тврдењата на Меѓаши, а не да цитира стари изјави дадени во друг контекст. Членовите на Комисијата не можеа да најдат елементи за неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација, мешање факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Оттука и констатацијата на мнозинството членови дека воопшто нема нарушување на етиката. По што мнозинството во Комисијата реши да ја отфрли жалбата.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595